ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А.бр.163/23
08.02.2024 год.
Б и т о л а

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16, бр.21/18 и бр.235/22), Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола, донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр.1/2023 од 18.12.2023 година за вработување на јавнообвинителски службеник во Вишо јавно обвинителство Битола, на работно место со звање, **В1 - Виш јавнообвинителски советник за казнено право - 1 извршител**, врз основа на Предлог на кандидати од Комисијата за селекција за вработување се избира:

**АНГЕЛА АЛТИПАРМАКОВСКА СТОЈАНОСКА**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на одлуката.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Вечер“ објави оглас бр.1/2023 за пополнување на работното место со звање В1 - Виш јавнообвинителски советник за казнено право - 1 извршител, во Вишо јавно обвинителство Битола,

По спроведената постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување на јавен оглас 1/2023 врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола изврши избор на кандидат како во изреката на оваа одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласна табла на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

**ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Пецо Везироски**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

Д-НА Јавно обвинителстов на Република Северна Македонија
Одделение за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ
Избраниот кандидат
Архива